**20091222317**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 6 и член 8 од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.09.2009 година, донесе

## УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИКАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Член 1

Во Уредбата за спроведување на политиката за рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/08, 53/09) во членот 3, став 4, точка 4 по зборот „средства“ се додаваат зборовите: „до висина на процентот со кој барателот учествува во реализацијата на инвестицијата изразена во паричен износ;“

Член 2

(1) Во членот 4, став (2) се менува и гласи:

„(2) Барателите кои ги исполниле барањата за користење на мерките за рурален развој се рангираат со бодување, освен за мерките наменети за инвестиции за рурална инфраструктура, за инвестиции наменети за реконструкција или изградба на патна инфраструктура во рурални подрачја и поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства.“

(2) Во ставот (3), по точката г) се додава нова точка д) која гласи:

„д) за Инвестиции за рурална инфраструктура наменета за реконструкција или изградба на патна инфраструктура во рурални подрачја:

| Цели на мерката | Показатели | Бодување | Макс. бодови |
|---|---|---|---|
| Приоритет на проектот | Проектот е наменет за пат во внатрешноста на селото | Да – 40 | 40 |
| | Проектот е наменет за поврзување на две села | Да – 35 | |
| | Проектот е наменет за поврзување на селото со природни реткости, културни или останати објекти од значење на населението во селото | Да – 25 | |
| | Останати приоритети | Да – 20 | |
| Поттикнување на инвестиции во недоволно развиени подрачја | Инвестицијата е наменета за село класифицирано како ридско-планинско | Да – 35 | 35 |
| | Инвестицијата е наменета за село со најмногу до 150 жители | Да - 30 | |
| | Инвестицијата е во село кое се наоѓа во општина со седиште во рурален центар | Да - 20 | |
| Вредност на предложената инвестиција | да не надминува 3.000.000 денари | Да – 25<br>Не – 0 | 25 |
| Вкупно бодови | | | 100 |

(3) Ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Изборот на корисници за мерките наменети за инвестиции за рурална инфраструктура (освен за инвестиции наменети за реконструкција или изградба на патна инфраструктура во рурални подрачја), поддршка за организирање и заедничко вршење на производна дејност на земјоделски стопанства и инвестиции за производство и користење на обновливи енергии во рурални средини, ќе се врши во рамките на финансиските средства предвидени за одделна мерка или посебни намени во рамките на одделна мерка. “.

(4) По ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Доколку во рамките на една мерка се предвидени посебни намени со одделни финансиски средства за нивна реализација согласно Програмата од член 5 на оваа уредба, рангирањето со бодување ќе се врши одделно за оние баратели кои поднеле засебно барање за една посебна намена во рамките на мерка. “

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-4625/1
29 септември 2009 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.